Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.12.2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6290 | 1 | |

15:41

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бр.10-6207/1 од 05.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бр.10-6207/1 од 05.12.2016 година, емитуван на 2 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 76 став 1 и став 2 од Изборниот законик („Платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено како "платено политичко рекламирање" и јасно одвоено од другите содржини на медиумите и во сите облици на платено политичко рекламирање нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен").

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бр.10-6207/1 од 05.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 76 став 1 и став 2 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бр.10-6207/1 од 05.12.2016 година, емитуван на 2 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бр.10-6207/1 од 05.12.2016 година, Привремената комисија констатираше дека ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 2 декември 2016 година, на регионално ниво, спротивно на одредбите од член 76 став 1 и став 2 од Изборниот законик, емитува платено политичко рекламирање кое не е јасно одвоено од другите содржини на медиумот и означено како платено политичко рекламирање и без да биде означен нарачателот на рекламирањето.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, период на емитување на рекламирањето и нарачател) во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бр.10-6207/1 од 05.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот".

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Слаѓана Димишкова ____________
3. Љубомир Костовски ____________
4. Горан Трпеноски ____________
5. Цветин Чилиманов ____________